2025

Аудит Груп ДООЕЛ Куманово

**АУДИТ ГРУП ДООЕЛ**
**Куманово**

**Друштво за ревизија,**
**сметководство и**
**даночен консалтинг**

**Ул.Доне Божинов бр.24-А/2**
**Куманово**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

**31.03.2026**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА**
**ТРАНСПАРЕНТНОСТ**

Содржина на извештајот:

1. Опис на правната структура и сопственост на Друштвото АУДИТ ГРУП ДООЕЛ Куманово,
2. Опис на професионалната мрежа и правните и структурните аранжмани во мрежата каде што припаѓа,
3. Опис на управувачката структура
4. Опис на внатрешниот систем на контрола на квалитетот на Друштвото и изјава за ефективноста на функционирање на овој систем,
5. Датумот кога е извршена последната проверка за уверување на квалитетот на ревизорот
6. Список на субјекти кај кои е извршена ревизија во текот на 2025 година,
7. Изјава со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста на Друштвото АУДИТ ГРУП ДООЕЛ Куманово и дека истите се спроведени,
8. Изјава за политиката што ја следи Друштвото АУДИТ ГРУП ДООЕЛ Куманово за континуирана едукација на овластените ревизори.
9. Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизија и од други надоместоци.
10. Информација за основите по која се утврдува хонорарот на овластените ревизори во Друштвото АУДИТ ГРУП ДООЕЛ Куманово.

**Друштво за ревизија, сметководство и даночен консалтинг**
**АУДИТ ГРУП ДООЕЛ Куманово**
**Ул.Доне Божинов бр.24-А/2** **e-mail:auditgroupdoo@gmail.com**
**Куманово** **тел:071/622-841**

Овој Извештај е подготвен во согласност со член 35 од Законот за ревизија (Сл. Весник Р.М бр. 158/2010...83/18) како и со Насоките за подготовка на Извештајот за Транспарентност издаден од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија во месец март 2015 година Друштвото АУДИТ ГРУП ДООЕЛ Куманово го објавува овој:

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

### 1. *ОПИС НА ПРАВНА СТРУКТУРА И СОПСТВЕНОСТ*

Друштво за ревизија сметководство и даночен консалтинг АУДИТ ГРУП ДООЕЛ КУМАНОВО, е основано на 28.09.2020 година во Куманово со адреса на ул.Доне Божинов бр.24/А-2 Куманово, Република Северна Македонија, запишано во трговски регистар при Централниот регистар на Република Северна Македонија со деловоден број:35020200019006 .

Друштвото е регистрирано под бр. ДР 038 во Регистарот на ИОРРМ. Друштвото има Лиценца за вршење на работи на ревизија со регистарски број 34 издадена од Советот за Унапредување и Надзор на Ревизија на ден 22.12.2020 година. Бројот на вработени во Друштвото на 31.12.2025 година изнесува 6 лица, сите вработени на полно работно време.
Со состојба на датумот на известување 31.03.2026 година, бројот на вработени изнесува 5 лица, сите вработени на полно работно време.
Сопствениците на друштвото се: Кристина Кипријановска – овластен ревизор и член на Институтот на Овластени Ревизори на Република Македонија (ИОРРМ).

Основната главнина на друштвото изнесува 307.500 МКД.

Сопственичката структура е следна:

| *Основач* | *Статус* | *Удел* |
|---|---|---|
| Кристина Кипријановска | Овластен ревизор | 100% |

Основна дејност: Друштвото е регистрирано со главна приходна шифра 69.200 – Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување.

Со состојба 31.03.2026 година Друштвото има регистрирано подружница-Друштво за ревизија, сметководство и даночен конаслилтинг АУДИТ ГРУП ДООЕЛ Куманово Подружница 1 Струмица со седиште на ул.Ленинова бр.15 Струмица со главна шифра на дејност 69.200 – Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи, даночно советување.

Согласно одредбите на Законот за ревизија, Друштвото има годишно осигурување од одговорност според Полиса бр. 130150017410 со минимална сума на покривање од 7.379.400 денари и период на осигурување 18.11.2025- 18.11.2026 година.

### 2. *ОПИС НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА МРЕЖА И ПРВНИТЕ И СТРУКТУРНИТЕ АНГАЖМАНИ ВО МРЕЖАТА КАДЕ ШТО ПРИПАЃА.*

Друштво за ревизија сметководство и даночен консалтинг АУДИТ ГРУП ДООЕЛ КУМАНОВО не припаѓа на професионални мрежи, не користи брендирано име или заштитна марка на мрежа.

### 3. *ОПИС НА УПРАВУВАЧКА СТРУКТУРА*

Друштво за ревизија сметководство и даночен консалтинг АУДИТ ГРУП ДООЕЛ Куманово е со пет вработени, двајца ревизори.

1. Кристина Кипријановска-партнер-управител
2. Кети Витанова- партнер-управител

Управители на Друштвото се Кристина Кипријановска и Кети Витанова

4. ***ОПИС НА ВНАТРЕШЕН СИСТЕМ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ НА ДРУШТВОТО И ИЗЈАВА ЗА ЕФЕКТИВНОСТА НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ОВОЈ СИСТЕМ***

Друштвото има воспоставено, имплементирано и одржува систем на управување со квалитет во согласност со барањата на ISQM 1 и ISQM 2, како и ревидираниот ISA 220.
Овие стандарди се дел од Handbook of International Quality Management, Auditing, Review, Other Assurance and Related Services Pronouncements (издание 2022), објавен во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 273/2024 и се применуваат од 01.01.2025 година.
Целта на системот на управување со квалитет е да обезбеди разумно уверување дека Друштвото и неговиот персонал постапуваат во согласност со применливите професионални стандарди, етичките барања и законската регулатива, како и дека издадените извештаи се соодветни во дадените околности.
Системот е воспоставен врз основа на пристап ориентиран кон ризици и ги опфаќа следните компоненти:

- управување и лидерство во однос на квалитетот;
- релевантни етички барања, вклучително и независност;
- прифаќање и продолжување на односи со клиенти и ангажмани;
- извршување на ангажмани;
- ресурси (човечки, технолошки и интелектуални);
- информации и комуникација;
- процес на следење и санација на утврдени недостатоци (monitoring and remediation).

Во рамки на системот, Друштвото воспоставува политики и процедури за идентификација и проценка на ризици за квалитет, дизајнирање и имплементација на одговори на тие ризици, како и континуирано следење на ефективноста на системот и преземање корективни мерки кога е потребно.

Во согласност со ISQM 2, Друштвото спроведува проверки на квалитетот на ангажманите (Engagement Quality Reviews) за ангажмани за кои тоа е задолжително или проценето како неопходно, со цел дополнително да се обезбеди квалитет на извршените ангажмани.

Овластениот ревизор – управител ја има крајната одговорност за воспоставување, имплементација и одржување на системот на управување со квалитет, како и за негово континуирано унапредување. Во рамки на организацијата се назначуваат и одговорни лица за поединечни компоненти на системот, согласно нивните функции и надлежности.

Друштвото редовно го следи функционирањето на системот на управување со квалитет и врши негово унапредување, со цел усогласување со промените во професионалните стандарди, законската регулатива и добрите професионални практики.

Овластениот ревизор-управител е во целост одговорен за воспоставување, функционирање и надзор на внатрешниот систем на контрола на квалитет.

Изјава за ефективноста на функционирање на системот за контрола на квалитет Друштво АУДИТ ГРУП ДООЕЛ Куманово **-** дека применува систем на интерна контрола, кој претставува ефикасен и ефективен систем на контрола кој во целост ги задоволува меѓународните и домашните стандарди за контрола. Исто така успешно се врши спроведување на системот на контрола на квалитет на Друштвото. (Прилог 1)

5. ***ДАТУМ НА ИЗВРШЕНА ПРОВЕРКА ЗА УВЕРУВАЊЕ ВО КВАЛИТЕТОТ НА РЕВИЗОРОТ***

Последна извршена проверка за уверување во квалитетот на ревизорот е на 10 ноември 2025 година.

**Друштво за ревизија, сметководство и даночен консалтинг**
**АУДИТ ГРУП ДООЕЛ Куманово**
**Ул.Доне Божинов бр.24-А/2** **e-mail:auditgroupdoo@gmail.com**
**Куманово** **тел:071/622-841**

## *6. СПИСОК НА СУБЈЕКТИ НА КОИ Е ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА ВО ТЕКОТ НА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА*

Во тек на 2025 Друштвото Аудит Груп дооел има вршено ревизија на следниве правни субјекти.

Законски ревизии

ТДВИЛ Јуниор Дооел Куманово, Вапекс и Јуниор Дооел Куманово, Генекс дооел Кочани, Аријеметал доо Скопје, Магнолија доо Кочани, Албекат Груп дооел Скопје, Феромонт Инженеринг дооел Скопје, Цанноби доо Скопје, Даниво дооел Кочани, Матрикс И.Т Глобал Сервицес Македонија дооел Скопје, Либертаком ДОО Тетово, Јуниор ПВЦ Куманово, ЕА Холдинг, Еуровиа ДООЕЛ Желино, Стил Кон дооел Куманово, Палма Траде дооел Тетово, Импулс Комерц дооел Скопје, Енергетика дооел Кичево Астроида дооел Куманово, Инфинити Клининг Груп дооел Скопје, Ле солеил доо Тетово, Тхе Хеадхунтер Македонија дооел Скопје, Ду-Бо ДД Маркети дооe Куманово, Рудина Енергија Тетово, Дикор ЦД Дооел Струмица

Макс дооел Струмица, Ивона дооел Струмица, Сафир Промет Струмица, Дониа дооел Прилеп, Детонит дооел Радовиш, Алмак доо Струмица, Металопромет дооел Струмица,Гранд Партнер АС ДОО Струмица, Њу моментс ЊУ идеас Копмани Скопје, Риа Комерц 1991 Охрид, Офис Експрес дооел Кочани, Хемофарм Комерц Струмица, Еурофас Глобал Емплојмент Скопје, Еурофас Глобал Лимитед Скопје, Вант дооел Куклиш, Сејф Контрол доо Скопје, Еко Инженеринг Струмица, Хортена Струмица, Емша Шпед Неготино,Три Дигитс Битола, Ворлд Транспорт оверсис Скопје, Холма дооел Струмица, Диа 2 Струмица, Мултиагри доо Скопје, Најк Пром с.Мокриево,Медиум Консалтинг про Штип, Енерго инвест Трејд доо Скопје,

Договорни ревизии

Сектрон Дооел Скопје, ЖФК Тиверија Брера Струмица, ФК Пандев Брера Струмица, Нове Транс Долнени, Институт за добро владеење и политики во животна средина и климатски промени, Имран Транс Крушево, Халис Травел Прилеп, Мерхамет, ТП Беаутифул, ЗЗ Вегетабле.

## *7. ИЗЈАВА ЗА НЕЗАВИСНОТО РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА СО КОЈА СЕ ПОТВРДУВА ДЕКА ПОСТОЈАТ ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПРОВЕРКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА НЕЗАВИСНОСТА И ДЕКА ИСТИТЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ*

Друштвото има усвоено Политика за независност со цел да се овозможи сите партнери и вработени во Друштвото да бидат објективни и независни од сите ревизорски и неревизорски клиенти и нивните поврзани субјекти. Со оваа политика се дефинираат услугите кои можат или не можат да се извршат од страна на Друштвото како надворешен ревизор. Таа е дизајнирана да му помогне на Друштвото во проценувањето на потенцијалните конфликти на интерес во работата која ќе ја извршуваат ревизорите. Оваа изјава е дадена како Прилог бр. 2 кон овој Извештај.

## *8. ИЗЈАВА ЗА ПОЛИТИКАТА ШТО ЈА СЛЕДИ ДРУШТВОТО ЗА КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА ВО ТЕКОТ НА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА*

Оваа изјава е дадена како Прилог бр. 3 кон овој Извештај.

### 9. *ФИНАНСИСКА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ВКУПНИОТ ПРИХОД ОСТВАРЕН ОД РЕВИЗИЈАТА И ОД ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ*

| ***Финансиски информации*** | **2025** | |
|---|---|---|
| | Вкупен приход (во 000 МКД) | Поделба на приходот по услуги (%) |
| Услуги за ревизија на годишни и консолидирани сметки и | 8.073 | 91% |
| Услуги за уверување во квалитет | 46 | 1% |
| Даночни советодавни услуги | - | - |
| Неревизорски услуги-консалтинг | 774 | 9% |
| **Вкупно** | **8.893** | **100%** |
| ***Финансиски информации*** | **2024** | |
| | Вкупен приход (во 000 МКД) | Поделба на приходот по услуги (%) |
| Услуги за ревизија на годишни и консолидирани сметки и | 7.020 | 93% |
| Услуги за уверување во квалитет | 44 | 0,5% |
| Даночни советодавни услуги | - | - |
| Неревизорски услуги-консалтинг | 513 | 6,5% |
| **Вкупно** | **7.577** | **100%** |

### 10. *ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОСНОВАТА ПО КОЈА СЕ УТВРДУВА ХОНОРАРОТ НА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР*

Хонорарот на овластениот ревизор се утврдува во вид на бруто плата согласно решение од страна на Друштвото, а врз основа на позицијата во друштвото, одговорноста и доверените задачи, искуство и години на работен стаж, ангажираност и сл.

**Друштво за ревизија, сметководство и даночен консалтинг**
**АУДИТ ГРУП ДООЕЛ Куманово**
**Ул.Доне Божинов бр.24-А/2** **e-mail:auditgroupdoo@gmail.com**
**Куманово** **тел:071/622-841**

Прилог (1)

## ИЗЈАВА ЗА ЕФЕКТИВНОСТА НА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

Управителот на Друштвото АУДИТ ГРУП ДООЕЛ КУМАНОВО изјавува дека во текот на 2025 година ги имплементирало сите политики и процедури за ефикасно и ефективно функционирање на внатрешниот систем за контрола на квалитетот на Друштвото.

Изјавил

Кристина Кипријановска

Кети Витанова

**Друштво за ревизија, сметководство и даночен консалтинг**
**АУДИТ ГРУП ДООЕЛ Куманово**
**Ул.Доне Божинов бр.24-А/2** **e-mail:auditgroupdoo@gmail.com**
**Куманово** **тел:071/622-841**

(Прилог 2)

***ИЗЈАВА ЗА НЕЗАВИСНОТО РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА СО КОЈА СЕ ПОТВРДУВА ДЕКА ПОСТОЈАТ ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПРОВЕРКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА НЕЗАВИСНОСТА И ДЕКА ИСТИТЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ***

Врз основа на барањата на Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот за етика за професионалните сметководители на IFAC и законската регулатива во Земјата, Друштвото АУДИТ ГРУП ДООЕЛ - изјавува дека спроведува интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и истите се спроведуваат преку годишна проверка на усогласеноста и изјави на независноста од сите вработени во Друштвто и изјави за независност на ниво на ангажирани членови во тим при поединечен ангажман.

Изјавил

Кристина Кипријановска

Кети Витанова

**Друштво за ревизија, сметководство и даночен консалтинг**
**АУДИТ ГРУП ДООЕЛ Куманово**
**Ул.Доне Божинов бр.24-А/2** **e-mail:auditgroupdoo@gmail.com**
**Куманово** **тел:071/622-841**

(**Прилог 3**)

***ИЗЈАВА ЗА ПОЛИТИКАТА ШТО ЈА СЛЕДИ КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА РЕВИЗИЈА ЗА КОНТИРУИРАНА ЕДУКАЦИЈА НА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОРВО ТЕКОТ НА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА***

Друштво за ревизија сметководство и даночен консалтинг АУДИТ ГРУП ДООЕЛ Куманово изјавува дека согласно законот за ревизија и донесените политики на Друштвото во текот на 2025 година доследно ја има следено политиката за континуирано професионално усовршување како на сопствените ревизори така и на останатите вработени .

Изјавил

Кристина Кипријановска

Кети Витанова

**Друштво за ревизија, сметководство и даночен консалтинг**
**АУДИТ ГРУП ДООЕЛ Куманово**
**Ул.Доне Божинов бр.24-А/2** **e-mail:auditgroupdoo@gmail.com**
**Куманово** **тел:071/622-841**

**Друштво за ревизија, сметководство и даночен консалтинг**
**АУДИТ ГРУП ДООЕЛ Куманово**
**Ул.Доне Божинов бр.24-А/2** **e-mail:auditgroupdoo@gmail.com**
**Куманово** **тел:071/622-841**